РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria

Бр./Nr 12-337/2
24-07-2020 г.

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава за корупција од подносителот ------- - ---------- ----------- ----------, на 36-та седница одржана на ден 23.07.2020 година донесе

**Одлука**

Постапката по предметот број 12-583 од 2019 година, оформен по пријава бр. 12-583/1 од 19.02.2019 година, доставена од подносителот од подносителот ------- - ---------- ----------- ----------,, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување во предметот 12-2720 од 2019 година, во предметниот случај било постапено од страна на друг надлежен орган а на подносителот му било доставено известување со упатување за негово натамошно постапување.

Предметот со број 12-2720 од 2019 година, да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-583 од 2019 година е оформен по пријава бр. 12-583/1 од 19.02.2019 година добиена од подносителот ------- - ---------- ----------- ----------,.

Добиената пријава, која е адресирана до Републички совет на РСМ и во копија е доставена и до ДКСК, содржи наводи за незадоволство од донесена пресуда на Управен суд од 26.03.2015 година, а со кои се одбиени тужбите на подносителот во својство на тужител во постапката пред судот заведена против Решение за денационализација од 28.01.2014 година донесено од Комисија за одлучување по барањата за денационализација со седиште во општина ----------

При разгледувањето на предметниот случај, Државната комисија ги зема во предвид наводите на подносителот и во насока на утврдување на фактичката состојба, достави барање до Судски совет на РСМ за прибирање на податоци, информации и документација во врска со предметните наводи.

По барањето на Државната комисија доставено е известување со бараните информации со прилог документација и по разгледување на целокупната документација со која располага за предметниот случај, од страна на ДКСК констатирано е следното:

- Во конкретниот случај станува збор за барање за денационализација на имот кое било поднесено во 2000 година, од страна на повеќе баратели меѓу кои бил и подносителот на пријавата во својство на наследници на имотот кој е предмет на барањето. Предметното барање било решено истата година, но од донесеното решение не биле задоволни барателите и вложиле жалба, а незадоволни од тоа што жалбата им

била одбиена, од нивна страна бил заведен управен спор пред Врховен суд кој ја уважил жалбата и го поништил донесеното Решение.

- Во врска со предметниот случај во неколку наврати било донесено предметното Решение за денационализација и тоа во 2008, 2012 и 2014 година, поради тоа што се воделе постапки по барања од незадоволните од ова решение: ДП и подносителот на пријавата. Последно Решение било со датум од 28.01.2014 со кое на барателите им бил утврден надоместок од 3.468.000 денари на идеален дел на секому во вид на надоместок кој дополнително ќе бил определен, но и тоа е обжалено од барателите, поради неправилно идентификување на парцели и сл. а исто така имало жалба и од Државниот правобранител поради тоа што не била правилно утврдена фактичката состојба и биле сторени повреди на одредби од Закон за ДН и ЗОУП.

- На 26.03.2015 била донесена Пресуда од страна на Управниот суд со која жалбите се одбиваат како неосновани. Незадоволен од оваа пресуда, подносителот на пријавата поднел жалба до Виш управен суд Скопје на ден 15.07.2015 година.

- Со поднесената пријава која е насловена до Судски совет на РСМ, подносителот бара тој да го разгледа неговиот предмет и да му помогне во разрешувањето на истиот.

- До ДКСК, на ден 03.04.2019 година, доставено е известување од страна Судски совет на РСМ со прилог документација во врска со предметната пријава, со кое се известува дека тој постапил по доставената пријава на седница одржана на ден 09.05.2018 година при што констатирал дека Судскиот совет нема надлежност да постапува по оваа претставка поради тоа што наводите не се однесувале на незадоволство од постапувањето на судовите или на конкретен судија, по што на подносителот му доставиле известување со упатување тој да се обрати до Агенцијата за катастар на недвижности бидејќи овој орган не направил точна идентификација на имотот.

- На ден 20.01.2020 година, до ДКСК доставено е Барање за увид во предметот, од страна на Адвокат ополномоштен од подносителот на пријавата да ги застапува неговите интереси во предметната постапка, која бара информација за фаза5та на постапување на ДКСК по овој предмет.

Врз основа на сето погоре констатирано, Државната комисија за спречување на корупцијата утврди дека во предметниот случај било постапено од страна на друг надлежен орган, (Судски совет на РСМ) и на подносителот му било доставено известување со упатување за негово натамошно постапување, по што оцени дека Државната комисија нема елементи за свое понатамошно постапување во предметниот случај, постапката по предметот, се запира а предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 23 јули 2020 година под бр. 12- 337/2**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до :
- Архива и Подносител

По заклучок на ДКСК, Изработил: Јасминка Цветковска, советник